РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ - РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-614/1
25.10. 2017 год.
СКОПЈЕ 1

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Национален координативен центар за гранично управување
Бр. 36-243
27.10 2017 год.
СКОПЈЕ

ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ МАКЕДОНИЈА

**Европски универзитет - Скопје**
**Факултет за детективи и криминалистика**
**www.eurm.edu.mk**

**Национален координативен центар**
**за гранично управување**
**www.igu.gov.mk**

# МЕМОРАНДУМ
# ЗА СОРАБОТКА И РАЗБИРАЊЕ

Склучен на ден __.__.2017 година, помеѓу:

1. Факултетот за детективи и криминалистика при Европскиот универзитет – Република Македонија – Скопје, Бул. „Климент Охридски“ 68, Скопје, застапуван од деканот, вонр. проф. д-р Атанас Козарев, и
2. Национален координативен центар за гранично управување, застапуван од координаторот, д-р Владимир Пивоваров.

**Член 1**

Со овој меморандум за соработка се регулира соработката помеѓу горенаведените институции во поглед на:

- заедничка помош и поддршка при организирање на научно-стручни настани, обуки, семинари, курсеви, трибини, тркалезни маси, дебати, програми, проекти, научно-стручни конференции, истражувачки зафати и други облици на воспитно-образовна, научно-стручна и истражувачка дејност;
- учество на наставно-соработничкиот кадар од Факултетот за детективи и криминалистика при Европскиот универзитет – Република Македонија – Скопје и стручните лица од Националниот координативен центар за гранично управување во форма на предавања, работилници и др. форми на научно-истражувачка и образовна дејност, на настани организирани од страна на двете институции и нивните партнерски организации;

- споделување, промовирање и втемелување на основните вредности и принципина интеграцијата на граничното управување преку заеднички активности за студентите на Факултетот за детективи и криминалистика при Европскиот универзитет – Република Македонија – Скопје, практична настава и стручните лица од Националниот координативен центар за гранично управување;
- иницирање, креирање и организирање на други дејности, насочени кон општата благосостојба на двете институции и други облици на соработка помеѓу нив, кои ќе ги утврдат заедно во иднина, со цел промовирање на дијалог, разбирање, интеркултурна соработка и комуникација.

**Член 2**

Договорните страни се согласни соработката да ја движат и реализираат во духот на нејзиното унапредување, практикувајќи ги најдобрите форми за нејзино изградување и надградување.

**Член 3**

Во рамките на имплементација на активностите, договорните страни се обврзуваат дека во текот на вклучување на сите учесници, на транспарентен начин ќе ги извршуваат планираните активности и ќе ги дискутираат сите прашања во врска со остварувањето на целите утврдени во Член 1 од Меморандумот.

**Член 4**

Меморандумот започнува да важи од денот на потпишувањето до 31.12.2017година. По овој период, доколку двете страни немаат писмена белешка испратена до другата страна, тој автоматски ќе се продолжи и во наредната година.

**Член 5**

Меморандумот за соработка е склучен во 4 идентични примероци на македонски јазик, од кои по 2 примерока за секоја страна.

**Член 6**

Овој меморандум за соработка стапува на сила со денот на неговото потпишување.

| ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕТЕКТИВИ И КРИМИНАЛИСТИКА | НАЦИОНАЛЕН КООРДИНАТИВЕН ЦЕНТАР ЗА ГРАНИЧНО УПРАВУВАЊЕ |
|---|---|
| ДЕКАН | КООРДИНАТОР |
| вонр.проф. д-р Атанас Козарев | д-р Владимир Пивоваров |